

ЗАПИСНИК
Од четиринаесеттата седница на Советот на општина Бутел
одржана на 31.08.2026 година, со почеток во 10:00 часот

Скопје, август 2026 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 08 – 1951/2

ЗАПИСНИК
Од четиринаесеттата седница на Советот на општина Бутел
одржана на 31.08.2026 година, со почеток во 10:00 часот

Четиринаесеттата седница на Советот на општина Бутел се одржа на 31.08.2026 година, во салата за седници во општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Никола Божиновски, Весна Додевска, Оливера Николовска, Цветко Рајевски, Јулијана Спировска, Стефан Трпковски, Никола Димитриески, Теодора Спасенцовска – Стојковска, Сашо Тодоров, Љинкест Љумани, Сенијат Нухи, Фатмир Исмаили, Арменд Мурсели, Бехар Реџепи, Усеин Рамадан, Аљбеса Раман, Џемаиљ Зенделовски, Симон Бешлиев и Дарко Димовски.

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на општина Бутел г. Дарко Костовски, Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев, раководителката на секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР. На седницата исто така присуствуваа и Директорите на Основните Училишта на општина Бутел.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство на членови и истиот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски ги стави на гласање Записниците од 12-та и 13-та седница.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски отвори расправа по Записниците.

За збор се пријави советникот г. Армент Мурсели и изјави дека има забелешка во врка со Записникот од 9-та седница, истакна дека не било наведено како гласала неговата политичка група и исто така изјави дека Записниците на Македонски и Албански јазик се разликуваат. Советникот побара снимката од седницата да биде преслушана уште еднаш.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски му посочи на советникот дека тема на дискусија на оваа седница се Записниците од 12-та и 13-та седница и дека Записникот од 9-та седница е веќе усвоен пред неколку седници и го замоли г. Арменд да се придржува до темата на седницата.

За збор се пријави советникот г. Армент Мурсели и изјави дека било дадено изјава дека за одредена точка гласале „ЗА“ и побара снимката да биде повторно преслушана. Советникот изјави дека очекува одговор.

За збор се пријави советникот г. Љинкес Љумани и изјави дека би сакал да се надоврзе со колегата Арменд и би сакал да праша поради која причина Македонската и Албанската верзија на Записникот не се исти. Истакна дека Градоначалникот дал погрешна бројка во врска со гласовите, во медиумите и поради тоа бараат снимката да

биде повторно преслушана. Советникот истакна дека тие 11 гласа „ЗА“ биле на советничката група на ВМРО ДПМНЕ а не на советничката група на АКИ.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски му посочи на советниот г. Љинкест дека во записникот не се наведува со име и презиме кој гласал „ЗА“, „ПРОТИВ“ и „ВОЗДРЖАН“ односно дека се пишува вкупната бројка. Исто така дека доколку има технички проблем со преводот, службите од Советот да проверат заено со преведувачот.

За збор се пријави советникот г. Љинкес Љумани и изјави дека тие не изјавиле дека треба да се именуваат тие што гласаат и нагласи дека самите бројки кажуваат колку гласале а колку не.

За збор се пријави советникот г. Армент Мурсели и побара до крајот на седницата да бидат обезбедени материјалите и снимката од 9-та седница, со цел да се види како се гласало.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски ги замоли советиците да се задржат на темата, поточно Записниците од 12-та и 13-та седница.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ги стави на гласање Записниците од 12-та и 13-та седница.

Советниците со 19 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ги усвои Записниците од 12-та и 13-та седница.

За седницата беше предложен следниот дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. Давање на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година.
2. Давање на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „Петар Здравковски-Пенко“, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година.
3. Давање на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „ Лиман Каба“ с. Љуботен, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година.
4. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.
5. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.
6. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.
7. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.
8. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година..

9. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.
10. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.
11. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ„ Визбегово“ с.Визбегово, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.
12. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2025 - 2026 година, Општина Бутел.
13. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2026 - 2027 година, Општина Бутел.
14. Предлог – Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,,11 Октомври“.
15. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Програмата (Ф) за урбано планирање за 2026 година.
16. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт С16, блок 1 Општина Бутел, Општина Гази Баба – Скопје, плански период за 2025 – 2030 година, изработен од „ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ“ Битола.
17. Предлог – Одлука за исправка на Одлуката прифаќање на донација бр.08 – 1561 од 24.07.2026 година.

Претседателот ги извести советниците дека точката која била под реден број петнаесет која гласи Предлог – Одлука за именување на членови на орган за надзор на вршење на внатрешна контрола на ЈОУДГ „11-ти Октомври“ е повлечена од дневен ред поради нецелосна документација и ќе биде одложена за наредната седница.

Претседателот на Советот отвори расправа во врска со дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и изјави дека би сакале да предложат уште една точка на дневниот ред, односно да се отвори дискусија во врска со жалбата од страна на родителите на учениците на ООУ„Петар Здравковски – Пенко во врска со затворањето на паралелка во ова училиште.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски го праша советникот како би гласела точката која ја предложуваат.

За збор се пријави советникот г. Љинкес Љумани и изјави дека не бараат точката која ја преглагаат да биде само тема на дискусија и нагласи дека училиштата започнуваат со работа на наредниот ден од седницата и истакна дека треба да се најде решение кое ќе биде во полза на учениците и на родителите. Апелираше паралелката да не биде затворена и да продолжи со работа.

Претседателот на Советот му посочи на советникот точката да биде дефинирана како ќе гласи.

За збор се пријави советникот г. Љинкес Љумани и изјави дека поради тоа што нема компетентен човек кој ќе ја дефинира точката изјави дека нивното барање е паралелката да не биде затворена и да продолжи со работа.

За збор се пријави Градоначалникот на општина Бутел г. Дарко Костовски и изјави дека има дадено изјава за медиумите каде што детално ја образложил ситуацијата со ООУ„Петар Здравковски – Пенко. Градоначалникот му посочи на советникот дека не е

точно дека се работи за затварање на паралелка односно дека се работи само за почитување на Законот, исто така истакна дека до минатата година во паралелките имало на триесет деца и наставата била со многу лош квалитет, од ова година изјави дека ќе бидат формирани четири паралелки со по 16 до 17 ученици со што квалитетот на наставата ќе биде многу подобрен.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и изјави дека Одлуката за реонизација е идентична со таа од пред две години и од тука произлегува прашањето поради која причина учениците од општина Чаир предходно биле примани а од оваа година не се примаат. Советникот ги прочита членовите од законот за реонизација, каде што е наведено во кој случај би можеле да се примаат ученици од друга општина.

За збор се пријави советникот г. Бехар Реџепи и изјави дека тие не бараат да се прекрши законот и кога постои можност зошто да не бидат примени тие ученици, нагласи дека ништо лошо не се прави.

За збор се пријави советничката г-ца Аљбеса Раман и му се обрати на Градоначалникот, му постави прашање дали кога би се работело за неговото дете би било подобро да патува со автобус два километри до училиштето или да учи во училиште кое му е на само два чекора од домот.

Градоначалникот и одговори на советничката, доколку би се работело за неговото дете би барал од општината услови за учење.

За збор се пријави советничката г-ѓа Сенијат Нухи и изјави дека не е во ред доколку две деца учат во едно училиште а третото да се дели, односно да учи во друго училиште. Советничката истакна дека до минатат година учениците биле примани и дека оваа година се работи за само 40 ученици. Исто така му предложи на Градоначалникот да направат договор со Градоначалникот на општина Чаир со цел да се покријат трошоците за учениците.

За збор се пријави Градоначалникот на општина Бутел г. Дарко Костовски и изјави: бидејќи советникот барал да се почитува реонизацијата, нагласи дека од наредната година ќе биде целосно почитувана.

За збор се пријави советникот г. Љинкест Љумани и побара конкретен одговор. Праша дали петата паралелка ќе продолжи со работа или нема да функционира.

За збор се пријави советничката г-ца Аљбеса Раман и изјави дека Градоначалникот изјавил дека требало да бидат три паралелки наместо четири и истакна дека би сакала да добие информација колку паралелки има на македонски јазик од второ до девето одделение.

На прашањето на советничката г-ца Аљбеса одговори Претседателот на Советот. И посочи на советничката дека од две паралелки сега се сведени на една. А во погорните одделениа сподели дека има по две паралелки.

За збор се пријави советничката г-ца Аљбеса Раман и изјави дека нејзиото прашање е, зошто паралелката да биде затворена, кога има побарување таа да продолжи да функционира.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски процедурално.

Изјави дека не разбира што поднесуваат колегите од НАИ и од ВРЕДИ и ги замоли да се договорат како ќе гласи точката и да ја поднесат за да може да се гласа, бидејќи поминале 40 минути од седницата а сеуште не е изгласан дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Љинкес Љумани и изјави дека тие не се надлежни да ги формулираат точките, односно нагласи дека општината има лице кое е платено за таа работа. Советникот побара конкретен одговор од Градоначалникот, дали петата паралелка во ООУ„ Петар Здравковски – Пенко ке продолжи со работа или не. Постави прашање што е со учениците кои живеат на еден чекор од училиштето и дали за нив важи реонизацијата од два километри која се потенцира во Одлуката за реонизација.

За збор се пријави советникот г. Симон Бешлиев и изјави дека до службите на општина Бутел има поднесено три иницијативи кои гласат:

- Информации за актуелната епидемиолошка состојба со западно нилската треска, како и превземените мерки за заштита на населението на општина Бутел.
  Праша и кој временски период било прскано против комарци, колку пати и со кои препарати.
- Предлог за поставување на националните симболи пред основните општински училишта на територијата на општина Бутел.
- Иницијатива за воведување на редовни месечни еко-акции во основните основни училишта.

За збор се пријави Претседателот на Советот г. Никола Божиновски и му даде детален одговор на советникот г. Симон во однос на поднесените инцијативи но и му посочи дека подетален одговор ќе добие од страна на службите кои се задолжени по тие прашања.

За збор се пријави советникот г. Љинкест Љумани и изјави дека ја формулирал точката и ќе гласи: Предлог – петата паралелка во ООУ „Петар Здравковски – Пенко“, бараме да продолжи со функционирање за учебната 2026-20227 година, да се реорганизираат учениците и да се примаат ученици кои живеат во непосредна близина до училиштето и да се продолжи со работа.

Претседателот на Советот ја стави на гласање точката предложена од советничката група на НАИ и ВЛЕН.

Советниците со 8 гласа „ЗА“, 1 глас „ВОЗДРЖАН“ и 10 гласа „ПРОТИВ“ не ја усвоија точката.

Поради тоа што точката не беше изгласана не беше дополнета во дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Љинкест Љумани, се заблагодари за гласањето од страна на советниците и изјави дека не гледа причина поради која би биле дел од овој состав на Совет и истакна дека во наредниот период се надева дека ќе се најде заеднички јазик за решавање на проблемите во општина Бутел.

Советникот г. Арменд Мурсели упати апел во иднина да се почитува законот и се изјасни дека неговата советничка група ја напушта седницата.

За збор се пријави советникот г. Бехар Реџепи и изјави дека кога се работи за деца тие имаат своја црвена линија и се и произнесе дека и неговата советничка група поточно ВЛЕН ќе ја напушти седницата.

Советничката група на АКИ и советничката група на ВЛЕН своеволно ја напуштија 14-та седница на општина Бутел.

Претседателот на Советот го стави на гласање предложениот дневен ред.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот дневен ред.

По првата, втората и третата точка од дневниот ред

- **Давање на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година.**
- **Давањето на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „Петар Здравковски-Пенко“, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година**.
- **Давање на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „ Лиман Каба“ с. Љуботен, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година**, збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точките. Бидејќи се работи за точки од иста содржина, истите се спојуваат.

Советничката истакна дека комисијата ги разгледа**:**

- **Давањето на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година.**
- **Давањето на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „Петар Здравковски-Пенко“, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година**.
- **Давањето на Мислење на Програмата за изведување на училишни екскурзии и други активности на ООУ „ Лиман Каба“ с. Љуботен, Општина Бутел за учебната 2026-2027 година** и истите ги гоставува до Советот да ги донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Директорката на ООУ „Панајот Гиновски“ г-ѓа Благородна Сотиров да даде детален извештај по точките.

Претседателот на Советот отвори расправа по првата, втората и третата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ги стави на гласање точките.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија првата, втората и третата точка од дневниот ред.

По четвртата, петата, шестата, седмата, осмата, деветата, десетата и единаесеттата точка од дневниот ред:

- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година..**
- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ„ Визбегово“ с.Визбегово, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точките. Бидејќи се работи за точки од иста содржина, истите се спојуваат.

Советничката истакна дека комисијата ги разгледа**:**

- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година..**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ„ Визбегово“ с.Визбегово, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година** и ги доставува до Советот да ги донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Директорката на ООУ „Живко Брајковски“ г-ѓа Магдица Пеева да даде детално образложение по точките.

Директорката на ООУ „Живко Брајковски“ г-ѓа Магдица Пеева даде детално образложение по:

- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Лиман Каба“ с.Љуботен, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Ацо Шопов“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Живко Брајковски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година..**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Панајот Гиновски“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „ Петар Здравковски - Пенко“, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**
- **Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ„ Визбегово“ с.Визбегово, Општина Бутел за учебната 2026 - 2027 година.**

Претседателот на Советот отвори расправа по четвртата, петата, шестата, седмата, осмата, деветата, десетата и единаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ги стави на гласање точките.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија четвртата, петата, шестата, седмата, осмата, деветата, десетата и единаесеттата точка од дневниот ред.

По дванаесеттата точка од дневниот ред Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2025 - 2026 година, Општина Бутел, збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата го разгледа Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2025 - 2026 година, Општина Бутел и го доставува до Советот да го донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Директорката на ЈОУДГ „11 – ти Октомври“ г-ѓа Александра Ицковска да даде детално образложение по точката.

Директорката на ЈОУДГ „11 – ти Октомври“ г-ѓа Александра Ицковска даде детално образложение по Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2025 - 2026 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по дванаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање точката.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија дванаесеттата точка од дневниот ред.

По тринаесеттата точка од дневниот дневен ред Предлог - Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2026 - 2027 година, Општина Бутел, збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата го разгледа Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2026 - 2027 година, Општина Бутел и го доставува до Советот да го донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Директорката на ЈОУДГ „11 – ти Октомври“ г-ѓа Александра Ицковска да даде детално образложение по точката.

Директорката на ЈОУДГ „11 – ти Октомври“ г-ѓа Александра Ицковска даде детално образложение по Предлог - Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „11 Октомври“ за период 2026 - 2027 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по тринаесетата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање точката.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија тринаесетата точка од дневниот ред.

По четиринаесеттата точка од дневниот ред Предлог – Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,,11 Октомври“, збор и беше даден на претседателката на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,,11 Октомври“ и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор му беше даден на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде детален извештај по точката.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детален извештај по Предлог – Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,,11 Октомври“.

Претседателот на Советот отвори расправа по четиринаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање точката.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија четиринаесеттата точка од дневниот ред.

По петнаесетата точка од дневниот ред Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Програмата (Ф) за урбано планирање за 2026 година, збор му беше даден на претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г. Никола Божиновски да даде детално образложение по точката.

Советникот истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за изменување и дополнување на Програмата (Ф) за урбано планирање за 2026 година и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Раководителката на секторот урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителката на секторот урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска даде детално образложение по Предлог – Одлуката за изменување и дополнување на Програмата (Ф) за урбано планирање за 2026 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по петнаесетата точка од дневниот ред.

За збор се пријави советникот г.Дарко Димовски и постави прашање дали во делот на општина Бутел е предвидено да се гради нешто или се работи за зелен појас.

Детален одговор на прашањето на советникот даде Раководителката на секторот урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање точката.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија петнаесеттата точка од дневниот ред.

По шеснаесетата точка од дневниот ред Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт С16, блок 1 Општина Бутел, Општина Гази Баба – Скопје, плански период за 2025 – 2030 година, изработен од „ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ“ Битола, збор му беше даден на претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г. Никола Божиновски да даде детално образложение по точката.

Советникот истакна дека комисијата ја разгледа Предлог-Одлуката за утврдување на Нацрт план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт С16, блок 1 Општина Бутел, Општина Гази Баба – Скопје, плански период за 2025 – 2030 година, изработен од „ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ“ Битола и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на Раководителката на секторот урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителката на секторот урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска даде детално образложение по Предлог-Одлуката за утврдување на Нацрт план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт С16, блок 1 Општина Бутел, Општина Гази Баба – Скопје, плански период за 2025 – 2030 година, изработен од „ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ“ Битола.

Претседателот на Советот отвори расправа по шеснаесеттата точка од дневниот ред.

За збор се пријави советникот г.Дарко Димовски и постави прашање дали по нацрт планот треба да се организира јавна расправа и анкета.

Раководителката одговори дека треба да следи јавна презентација и анкета, односно дека тоа е следниот чекор.

За збор се пријави советникот г.Дарко Димовски и праша дали е предвидена атмосверската вода за поројни невремиња, кои ги имало пред краток период. Праша и дали проблемот со зградите од минатиот состав е решен и дали конечно дека нема да се градат згради.

За збор се пријави Градоначалникот и изјави дека биле избришани осум маркици за згради.

Раководителката на секторот урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, г-ѓа Ана Младеновска и одговори дека веќе постои атсмосферска канализација во тој дел.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање точката.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија шеснаесеттата точка од дневниот ред.

По седумнаесеттата точка од дневниот ред Предлог – Одлука за исправка на Одлуката прифаќање на донација бр.08 – 1561 од 24.07.2026 година, збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог – Одлуката за исправка на Одлуката прифаќање на донација бр.08 – 1561 од 24.07.2026 година и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор му беше даден на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде детален извештај по точката.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детално образложение по Предлог – Одлуката за исправка на Одлуката прифаќање на донација бр.08 – 1561 од 24.07.2026 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по седумнаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање точката.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија седумнаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи дневниот ред се исцрпи Претседателот на Советот констатираше дека четиринаесеттата седница на Советот на општина Бутел е завршена.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Никола Божиновски